РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **31.01.2013 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 1 – 2013 год.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година.

Бр.08- 105/11
31.01.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година.

Бр.08- 105/11
31.01.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 57 став 4 од Законот на локална самоуправа (Сл.Весник на РМ БР.5/02), и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на општина Македонски Брод (Службен Гласник бр.02/03),Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2013 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За изменување и дополнување на одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод**

## I.Основни одредби

**Член 1**

Се менува членот 7 кој гласи:Општинската администрација на општината Македонски Брод се организира во следните сектори и одделенија:

1 . Сектор за комунални дејности и локален економски развој,во чиј состав се одделенијето за комунални дејности и оделението за локален економски развој.

2.Сектор за урбанизам и заштита на животната средина во чиј состав се одделението за урбанизам и одделението за заштита на животната средина.

3.. Сектор за правни, финансиски и општи работи , во чиј состав се одделенијата за правни , општи работи и јавни дејности, одделението за финансирање и буџет,одделение за администрирање на локални приходи и одделение за финансиски прашања.

4 . Одделение за внатрешна ревизија

5 . Одделение за инспекциски надзор

6.Одделение за управување со човечки ресурси

7.. Територијална противпожарна единица на општината.

**Член 2**

## II.Делокруг и начин на извршување на задачите

Се менува членот 8 кој гласи:Секторот за  урбанизам и заштита на животната средина, ги врши следните работи

- Урбанистичко (урбано- рурално) планирање , издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење , утврдени со закон , уредување на просторот  и уредување на градежното земјиште
- Заштита на животната средина и природата , мерки за заштита и спречување од загадување на водата , воздухот , земјиштето , цивилна и друг вид на заштита
- Секторот за комунални дејности и локален економски развој ги врши следните работи:
- Ги спроведува прописите од областа на угостителството , туризмот , занаетчиство и мало стопанство и се грижи  за организирање на амбиентот за развој  на стопанството и превзема мерки за привлекување на инвестиции од домашни и странски инвеститори,ги применува сите прописи од областа на комуналните дејности и предлага мерки за нивно реализирање.

**Член 3**

Се менува членот 9 кој гласи:Одделението за урбанизам  ги врши работите што се однесуваат на :

- Просторно и урбанистичко планирање во општината и покренување на иницијативи и предлози за донесување или изменување на ДУП.,издавање на одобренија за градби,уредување на градежно земјиште и други работи. –Одделението за заштита на животната средина ги врши работите поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина и природата , врши и други работи што ќе му бидат доделени.

**Член 4**

Членот 10 се менува и гласи:Одделението за комунални дејности  ги врши работите што се однесуваат на :

-Следење на состојбите и организирање на изградба , реконструкција и одржување на јавното зеленило , дрворедите , фонтаните и другата комунална опрема оставена на улиците и другите јавни површини , се грижи за јавното осветлување  на подрачјето на општината. врши комунален надзор. ,
-Одделението за локален економски развој ги спроведува прописите и од областа на угостителството  туризмот , занаетчиство и мало стопанство врши и други работи што ќе му бидат доверени .

## -Преодни и завршни одредби

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општината, а ќе се применува по добиеното мислење од Агенцијата за администрација на Република Македонија.

**Бр.07-105/4** **Совет на општина Мак.Брод**

**30.01. 2013година** **Претседател**

**Јосифоски Драге с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануар 2013 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на квартален извештај К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод го усвои К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К-2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод и образложение за истите и К3- квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината за 2012 година**.**

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 105/ 3 — Совет на општина Македонски Брод

30.01.2013 година — П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод — Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) по доставено барање од Србин Петрески ул.И.И.Цветан бр.49 од Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**1.**Советот на Општина Македонски Брод го усвои барањето од Србин Петрески ул.И.И.Цветан бр.49 од Македонски Брод .

2.Се задолжува ЈП,,Водовод и канализација,, - Македонски Брод да постапи по заклучокот.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 105/5
30.01.2013 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за замена на градежна парцела на име Димоски Љупче ул.Ѓ.Петров бр.27 од Македонски Брод**

Се објавува **Решението за замена на градежна парцела на име Димоски Љупче ул.Ѓ.петров бр.27 од Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година.

Бр.08- 105/11
31.01.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2013 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**1.Се потврдува на Димоски Љупчо ул.„Ѓорче.Петров“ бр.27 од Македонски Брод ,дека Собранието на општина Македонски Брод-одделение за стопанство и финансии по основ на предимствено право врз национализирано градежно неизградено земјиште како на поранешен сопственик,со Решение бр.11-910/1 од 23.05.1986 год., му доделило градежно неизградено земјиште на трајно користење ГП бр.93 на м.в „Лоштица“ во површина 452м$^2$ ,со катастарски индикации КП бр.2335 запишана во ИЛ бр.35 за КО Македонски Брод.**

**2. Ова решение претставува правен основ за запишување на правото на градежното земјиште во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.**

**Образложение**

До Советот на општина Македонски Брод лицето Димоски Љупче од Македонски Брод ул.Ѓорче Петров бр.27 достави барање со кое бара Советот на општина Македонски Брод да донесе одлука односно решение за градежниот плац бр.93 на м.в „Лоштица„ во површина од 452м$^2$ , односно КПбр.2335 запишана во ИЛ35 за КО Македонски Брод .

Во прилог на барањето достави:

-Решение бр.11-910/1 од 23.05.1986г донесено од страна на Собрание на општина Македонски Брод –одделение за стопанство и финансии, решение за урбанистичка согласност бр.12-784/3 од 02.04.1989година ,

-Решение за одобрување на локација бр.12-784/2 од 02.04.1989г ,

-Решение за урбанистичка согласност бр.12-784/3 од 02.04.1989 год.

-Одобрение за изградба на индивидуална стамбена зграда бр.12-784/4 од 15.04.1989г ,

-Потврда бр.09-22/1 од 16.01.2013г ,

- ИЛ 33 за КО Македонски Брод .

Со увидот во доставените прилози констатирано е дека на барателот од страна на Собранието на општина Македонски Брод-одделение за стопанство и финансии по основ на предимствено право врз национализирано градежно неизградено земјиште како на поранешен сопственик,со Решение бр.11-910/1 од 23.05.1986 год., му доделило градежно неизградено земјиште на трајно користење ГП бр.93 на м.в „Лоштица“ во површина 452м$^2$ ,со катастарски индикации КП бр.2335 запишана во ИЛ бр.35 за КО Македонски Брод.,

Врз основа на доставените податоци Советот на општината Македонски Брод одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение го заменува решението бр.11-910/1 од 23.05.1986 год.,со кое му е доделило градежно неизградено земјиште на трајно користење ГП бр.93 на м.в „Лоштица“ на Димоски Љупче од Македонски Брод .

**Бр. 07- 105/6**
**30.01.2013 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на СОУ „Св.Наум Охридски„- М.Брод**

Се објавува **Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на СОУ „Св.Наум Охридски„- М.Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година.

Бр.08- 105/11
31.01.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на СОУ „ Св.Наум Охридски „- М.Брод**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука на СОУ„Св.Наум Охридски„ од Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во износ до 800.000.00 денари .

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 105/7**
**30.01.2013 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за јубилејни награди за вработените во ТППЕ општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за јубилејни награди за вработените во ТППЕ општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година.

Бр.08- 105/11
31.01.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и согласно член 113 од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр.16/2010) и член 80 од Колективниот договор за државни , правосудните и органите на локалната самоуправа на РМ и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03),по поднесено барање од ТППЕ на општина М.Брод бр.07-136 , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за јубилејни награди за вработени во ТППЕ општина Македонски Брод**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства во износ до 15..000.00денари односно 3.000,00 денари по награден како јубилејна награда од 20 години успешно , ефективно и ефикасно работење на вработените во Територијална против пожарна единица – Општина Македонски Брод и тоа за следните лица/

1. **Љупчо Смилески**
2. **Зоран Томески**
3. **Драге Костадиноски**
4. **Дарко Терзиоски и**
5. **Гоце Сераќимоски**

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод - програма АО други трансфери од средства на општината .

**Член 3**

Се задолжува одделението за финансиски прашања при општина Македонски Брод да ја спроведе наведената одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 105/8**
**30.01.2013 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) по доставено барање од советникот Анета Симеска Димоска, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2013 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.**Советот на Општина Македонски Брод донесе заклучок да се усвои информацијата доставена од советникот Анета Симеска Димоска.

2.Составен дел на овој заклучок е информацијата заведена под број 03-540/1 16.07.2012 година во деловодникот на општина Македонски Брод.

**3.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување а ќе биде објавен во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 105/9
30.01.2013 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за исплата на надоместок за земјиште од ИЛ1167 , КП 3322/2 за КО Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за исплата на надоместок за земјиште од ИЛ1167 , КП 3322/2 за КО Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2013 година.

Бр.08- 105/11
31.01.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2013 година донесе

# О Д Л У К А

За исплата на надоместок за земјиште

**Член 1**

Согласно оваа Одлука на лицето сопственик на имот од ИЛ.1167 за КО Македонски Брод да му се исплати паричен надоместок за одземање – експропријација на земјиште кое се наоѓа на КП 3322/2 со површина 463м$^2$ м.в Горкачка на која ќе се изведуваат градежни работи за изградба.

**Член 2**

За исплата на надоместокот,помеѓу општина Македонски Брод и сопственикот на ИЛ.1167 ќе се склучи Спогодба за начинот на плаќањето, квадратурата, износот и постапката за плаќање на надоместокот помеѓу двете страни, по претходно утврдена фактичка состојба од страна на службите во општината.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Македонски Брод да ја спроведе наведената одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 105/10**
**30.01.2013 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод.......................................................... стр. 2

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организација , делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод.............................................................................................. стр. 3

Заклучок за усвојување на квартален извештај К1, К2 и К3 за извршување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2012 година ................................................ стр. 6

Заклучок по барање од лицето Србин Петрески............................................. стр. 7

Заклучок за објавување на Решението за замена на градежна парцела на име Димоски Љупче ул.Ѓ.Петров бр.27 од Македонски Брод.......................................... .стр. 8

Решението за замена на градежна парцела на име Димоски Љупче ул.Ѓ.Петров бр.27 од Македонски Брод..................................................................................стр.9

Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод на СОУ „Св.Наум Охридски„-М.Брод...................... стр. 10

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод на СОУ „Св.Наум Охридски„-М.Брод.................... .......................................................стр.11

Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за јубилејни награди за вработените во ТППЕ општина Македонски Брод......................... ........................................................................ стр. 12

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за јубилејни награди за вработените во ТППЕ општина Македонски Брод................стр. 13

Заклучок ........................................................................................... стр. 14

Заклучок за објавување на Одлуката за исплата на надоместок за земјиште од ИЛ 1167, КП 3322/2 за КО Македонски Брод ......................................................... стр. 15

Одлука за исплата на надоместок за земјиште ............................................ стр. 16